УДК 821.163.3-1.09

Стручен труд
Professional paper

# ИНТИМНАТА ЛИРИКА НА АЦО ШОПОВ

**Лилјана Јовановска**
наставник-ментор, ОУ „Св. Кирил и Методиј" Кочани,
lsjovanovska@yahoo.com

**Апстракт:** *„Патував долго, патував цела вечност, од тебе до мојата небиднина".* (Шопов, 1976: 121) Ако од цитираново направиме паралела со темата на овој труд, ќе дојдеме до тоа дека интимната лирика во песните на Ацо Шопов е всушност пат кон длабок и интензивен емотивен израз на еден од најголемите лиричари во македонската поезија кој експресивно и метафорички доловувајќи ја својата небиднина, остава силен отпечаток во поезијата воопшто. На тој пат најскриените, најлиричните вибрации во душата на поетот се пренесуваат врз нас, иницирајќи желба да се доживее таа интима на чувството и мислата, да се открие нешто повеќе, нешто што ќе ни даде духовна храна, нешто што кога ќе го разбереме, ќе ни помогне да направиме пресликување врз нас и нашето душевно воздигнување. Длабочината на најсилните интимни лирски треперења кај Шопов, всушност претставува нишка која води до целиот емотивен одблесок на поетот кој во својот од кон небиднината ќе ја открие својата цел: *„Сакав да се борам и се борев. Сакав да пишувам и пишував."*[1] (Шопов). Во трудот акцент ќе биде ставен на дел од интимната лирика од поезијата на Шопов, поточно на дел од песните од различни стихозбирки од различни периоди на неговото творење кои пленат и зрачат со поетовата експресија.

***Клучни зборови:*** Ацо Шопов, поезија, интимна лирика, емоција

Секогаш кога размислувам за лириката, за интимните чувства во неа, за смислата, за нејзиното длабоко и скриено значење, секогаш се навраќам на оние четири стиха кои многу одамна ги прочитав, без да знам од кого се напишани, а ме оставија воодушевена, без збор, толку кратки, а толку многу кажано. *„Ако носиш нешто неизречено, / нешто што те притиска и пече, / закопај го во длабока тишина, / тишината сама ќе го рече."* (Шопов, 1976: 10) Ме тераа да размислам, да разберам и да откријам од чие перо се излеани, кој е тој што успеал на еден толку лирично-експресивен начин да долови длабока суштина, да те остави без збор и да те натера да го откриеш. Патот ме

[1] Достапно на https://www.acosopov.com/%D1%87%D0%B8%D1%82%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%B8%D1%86%D0%B0/%D1%80%D0%B0%D0%B7%D0%B3%D0%BE%D0%B2%D0%BE%D1%80%D0%B8/%D0%BE%D0%B4%D1%98%D0%B5%D0%BA-%D0%B1%D0%BE%D1%88%D1%9A%D0%B0%D0%BA%D0%BE%D1%81%D0%BA%D0%B0?lang=mk (посетено на 14.4.2023 година)

одведе до Ацо Шопов, до неговата лирика која дотогаш толку не ја познавав, а добив желба да прочитам уште повеќе, да ја проучам, да си ја наполнам и насладам душата со емоции кои ќе водат до моето лирско „елдорадо“. Тогаш разбрав дека тој бил во право кога кажал дека *„песната е таа што треба да го открие поетот, а не неговото име на насловната страна на стихозбирката“.*[2] Дека е точно дека *„поетот треба да ја втисне во песната својата творечка индивидуалност, да ја проживее со секој дамар на својот поетски сензибилитет и наполно да се поистовети со неа. До колку повеќе успее да го внесе својот поетски немир, да даде белег на својата поетска личност, дотолку повеќе неговото „јас“ од песната станува и „јас“ за сите.“*[3] Песната ми го откри поетот, а поетовото „јас“ стана мое „јас“ и тоа мое „јас“ бараше уште повеќе, желно за нови лирски трепeрења и доживувања и раѓаше копнеж да ја доживеам таа негова интима на чувството и мислата. Неговата поезија ме доведе до душевно воздигнување, до желба да ги разберам на мој начин неговите најдлабоки интимни лирски чувства во неговите песни.

Иако поезијата на Шопов се дели на три периоди и интимната лирика е најсилна во вториот негов период од творештвото, сепак уште во песните од првиот, повоениот циклус, може да ја почувствуваме силината на емоциите и интимата на поетот. „Кај Ацо Шопов дури и во најраната фаза од неговото творештво, е видлив силниот индивидуален печат“ во антологиските „Очи“ и „Љубов“... Како да се пренебрегна сознанието дека, уште во раната поезија на Шопов, во дослух со колективистички интонираниот *глас на времето и поглед на свет“,* пробива еден високо сензибилизиран и *личен јазичен допир со светот?“*[4] Во прекрасната „Очи“ се оддава силниот лиричен призвук, доминира силината на љубовта над смртта кога секоја капка крв од раната на младата партизанка „ко крвава жар“ му „капеше в срце“ на младиот поет, толку силно и емотивно ја бранува неговата душа, а и ние читајќи самите го чувствуваме погледот на тие „луњени очи широки и волни“ кои ги сечат „во ноќта здивените мољи“ и со тие очи „што ригаа пламен“, младата партизанка „ги растопи часкум челичните зрна“. Песната остава силен емотивен призвук и останува длабоко врежана кај нас предизвикувајќи бура на чувства: возбуда, полет, љубов, но и тага, жал, вознемиреност. Мотивот очи се јавува и во другата впечатлива песна од првиот период „Љубов“ кога поетот „очи ти сакам, молња да режат, / кипнати гради оган да горат, / врелите усни жар да се сторат“. Според Ѓурчинов, „и едната и другата песна претставуваат своевидна апотеоза на љубовта, на жената како симбол, како стожерен симбол во кој се фокусираат

[2] Разговорот со Ацо Шопов го водела Гордана Михајлова-Бошњакоска 1976 година. (достапно на https://www.acosopov.com)

[3] Исто

[4] Ќулавкова, К. (2008): Предговор кон изборот песни „Раѓањето на зборот“, стр. 8.

најсилните, најкипнатите емоции на младиот партизански борец“ (Ѓурчинов, 2008: 85)[5], додека пак, според Старделов, „лирското во неа е во интимниот однос на поетот кон саканата – соборец“ (Старделов, 1973: 468)[6], а и сметам дека ги откриваат најскриените интимни поетови чувства на воодушевување, копнеж, нежност и љубов кон младата партизанка. Самиот Шопов за овие песни ќе каже: *„Да ви зборувам за песната „Очи“, или за песната „Љубов“ – тоа значи да ви зборувам за сиот мој поетски развој досега, за мојата огромна љубов кон жената која е поистоветена и со слободата и со татковината и со жртвувањето и со нашето национално постоење и битие.“*[7]

Додека пак, во вториот период интимното во лириката е најсилно кога Шопов со нас ги споделува најдлабоките, најлиричните, најелегичните настроенија дозволувајќи ни да навлеземе во неговата душа, да ги разбереме неговите мисли и расположенија.

Таа поетова експресија на чувствата ја сретнуваме и длабоко ја доживуваме во збирката **„Стихови за маката и радоста“** (Шопов, 1976: 97) каде всушност „песната станува дом за маката и радоста“[8], станува дом на силните поетови расположенија кога со нас преку песните ги споделува интимните вибрации на неговата душа – неспокојот, стравот од разделбата и смртта, копнежот, љубовта. Уште на самиот почеток ќе го почувствуваме длабокото носталгично чувство, трепетот, самообвинувањето, душевната драма што ја доживува кога тој заминува, а „нема никој збогум да ми каже, / иако е сѐ живо и будно“, а при разделбата солзите на синот „ко оган ме палат“ и поетот во тој момент пред него „чувствува злочин“ за на крај да посака птицата да не го остава сам да биде сега, за „да копнеам и немам мира.“ („Разговор со синот“) Чувствата на трепет и неспокој се засилуваат во песната „Трепет“ кога синот поради неговото отсуство е несреќен на јаве, а тој се прашува како грижлив родител, ама и посакува „дали така сѐ ќе бидеш среќен, среќен како во детски сон?“ Тој не може да се помири со тоа што од разделбата неговото чедо ќе страда, ќе биде несреќен, а тој не е тука да го утеши. Преку стиховите ги споделува најинтимните чувства и сомнежи што секој родител ги чувствува кога се разделува од своите, посебно како да се кине дел од неговата душа. Во истата книга, во циклусот „Спомени“ продолжува лиричното чувство за копнежот на девојката „галабица од река“ која од земја го следи „галебовото јато“ и посакува да се вивне со нив, но тие поминуваат, таа останува сама гледајќи по нив, за да ја советува „ој, девојко, влажни очи сокриј“ и да ја

[5] Во Силјан, Р. (2008): *Македонската литературна критика – избор, предговор и редакција на Раде Силјан*. Битола: Микена.

[6] Во Климан, А., Силјан, Р., Смилевски, В., Стојчевски, С. (1973): *Македонската книжевност во книжевната критика – избор и редакција Климан, А., Силјан, Р., Смилевски, В., Стојчевски, С.*, том трети. Скопје: Мисла.

[7] Разговорот со Ацо Шопов го водела Гордана Михајлова-Бошњакоска 1976 година. (достапно на https://www.acosopov.com)

[8] Ќулавкова, К. (2008): Предговор кон изборот песни „Раѓањето на зборот“, стр. 7.

утешува „та зар летал во животот некој". А девојката, тој „гороцветот ранет" да помогне на пилето „со скршени крила" за над планината да гасне румен залез за „да ги скрие момините очи". Понекогаш и ние самите посакуваме да се продружиме кон јатото, да го следиме, ама секогаш не сме во можност и ни останува да копнееме по пропуштеното, иако има работи околу нас кои можат да ни пружат утеха и да ни покажат дека и ние можеме да бидеме „јато" некому, секогаш ќе постои некој со скршени крила на кој ќе му помогнеме да пролета. („Копнежот на девојката") Во циклусот „Стиховите за љубовта" доаѓа „средбата на Шопов со езерото" каде „животот и смртта, биднината и небиднината стануваат една препознатлива тематика која го формира клучниот поетски топос на Шопов – сенката на смртта, раѓањето сфатено како умирање, а животот како соочување со неповратното.[9] Во овој дел посебно ја споделува својата интима на чувството и мислата. Мечтаењето крај брегот на езерото достигнува кулминација кога е свесен дека таа е мртва, а на него му се чини дека спие и дека вечно со него ќе биде и посакува да се разбуди и моли „биди овде макар и миг" за да слушне дека тој има „срце како вир" и дека е „ширна" неговата душа „како што е езерската шир" за интимно да воскликне дека „сал некогаш понекоја зора ме опива од тага и бол", и сето тоа расположение го тера да тлее или „час лудо да горам" и да е „во едно и племенит и зол". На крајот во рефренот повторно ќе се потсети дека е мртва и ја нема, за да се оправда „но, јас чинам дека само спиеш, чинам вечно со мене си ти". Како да сака да ни предочи дека секој од нас чувствува несакање да се помири со загубата на тој што ни значи и дека не е страшно да мислиме дека таа личност е сè уште со нас, но сепак има смисла – не е со нас физички, ама останува со нас во нашата душа, нашите мисли. Трепери неспокојот и одбивањето да се помири со загубата која ја ранува неговата душа. („Мечтаење крај брегот на езерото") Во наредните песни продолжува со паралелата на животот и смртта, посебно за девојката што „почива во гробот ладен" и која останала животот вечно да ја мами и знае дека „за живот вечно ќе е жедна", ама овде е тој, „поетот неспокоен тажен" кој „само со песна ќе ја каже, твојата тага под земјата скрита" („Гроб крај патот"). Чувствува обврска преку неговата песна девојката да живее и да го каже она што останало недокажано. Во овој дел од стихозбирката силината на поетовите чувства се зголемува кога тој „во смирена ноќ, штом месецот в облаци ќе згасне" ќе почувствува некоја силна радост, „неслутена моќ" во градите му напнува расте и се вивнува надвор за ноќта го „опсипе со радост". Се чувствува еуфорично, полетно, чиниш со тие чувства „до небото би стасал", би запеал за радоста што в срце му класа. Но, во срцето не може да најде ниедна песна и кај него „полека, бавно, ко придушен глас, некажана

[9] Ќулавкова, К., Предговор кон изборот песни „Раѓањето на зборот", 2008, стр 8.

радоста стине“, а по челото бура му мине. Се јавува „тешка и безумна жал на душата“ и се чувствува и голем и мал, и свиреп и човечен. Но, се случува чудо, се јавува стих кој жубори во поетовата рака, на радоста кај поетот нема крај бидејќи „рујниот глас“ на песната „ко вино се пени и слива“. На крај завршува со помиреноста дека секогаш ќе се јавуваат наизменични чувства кои ќе ја бранувaат неговата душа, која понекогаш ќе пламне, понекогаш ќе згасне, „час радоста ќе никне“ врз неговата жал, а пак, „час жалта врз среќата ќе расне“. („Песната“). Во прекрасната песна „Поетот и љубовта“, Шопов ќе ги сподели своите чувства за местото каде што е роден поетот „што во копнежи горел и страстите свои ги опевал во стих“ кој „занесно пеел“ и чии песни „не знаеле ништо за судбата зла“, а „го љубеле сите, тој сите ги љубел“, бил „нежен ко зора“ со немирен дух. Среќен е и се чувствува така сѐ до моментот кога „глас таен, глас чуден го викнал“ и младиот орел со својот клик му открил „свет незнаен, нов“ – сретнува девојка чија убавина пленела и додека се капела сама „сонцето било маѓепсано, лудо од нејзиниот лик“. Ја запеал песната, го растреперил моминото срце од кое „врел издив се скинал: О, пријди, ќе бидеш, ќе бидеш и мој!“ Ја освоил, ја добил, „поминале лета“, љубовта кон девојката била нежна и страсна „ко првиот ден“ за во еден момент да почувствува дека таа „сакала сета поетова сила во своето срце да ја има плен“. Тогаш замира поетовиот глас, стиховите веќе не горат и тој го проколнува часот кога своето срце ѝ го ветил за дар. Уплашен заминува откај неа, наоѓа друга со срцето младо, ама и таму има крај и секогаш така „час страдал, час љубел, бил тажен и весел, бил бурен и тих, бараната среќа ја имал и губел, сал зад неа буен останувал стих“. Кај него се јавува стравот дека ако се дари срцето на една жена, ќе престане да биде свој и ќе секне песната што му извира од срцето, а сѐ додека пее, тој самиот се чувствува жив. Се вратил сам во „родната куќа и родниот брег“, „а во неговите коси белееле искри на доцниот свет“, ама се почувствувал жив, в рака ги кренал своите песни, ги пуштил насекаде и „запеал страсно за последен пат“ дека тој не нашол среќа, ама тие се должни за љубовта да пеат низ целиот свет. Тие вечно ќе летаат како сведоци на еден живот, на една проживеана интима, и во летот ќе „бдеат над споменот жив“, ама една песна кога како славеј на срцето ќе му слета, тој ќе се почувствува „тажен и пркосно див“. Можеби и ќе си го поставиме прашањето: Дали вредеше?

Песните од оваа стихозбирка посебно допираат до читателот, предизвикуваат измешани чувства, час си тажен, исполнет со трепет неспокој, самообвинување, ама час си радосен, исполнет со љубов, очекување, возбуда и копнеж. Ни ги откриваат најинтимните чувства на Шопов што тој ги доживувал додека творел и несебично го споделил тоа со нас. Додека според Наневски, „со збирката „Стихови за маката и радоста“ кои на времето предизвикаа бурни реагирања и полемики, пак тој го најави пресвртот конпотиснатите интимни мотиви, низ кои потоа, во периодот на интимната лирика, се разгрнаа многу

поетски светови и лирски настроенија". И дека затоа „можеби поради овој пресврт, тој и денес кај едни повеќе е познат како поет на борбени балади, кај други со своите лирски минијатури за тишината" во збирката „Слеј се со тишината". " (Наневски, 1977:199)

Вториот круг песни од интимната лирика се во збирката **„Слеј се со тишината"** (Шопов, 1976: 9) каде „кај него мотивите се јавуваат како израз на негови длабоки интимни преокупации", па оној што ги чита овие песни, „па оној што има чувство, што има усет за литературна вредност, за лирска интензивност – тешко би се решил да одрекне: поетот придржувајќи се кон изворното, автентичното, е навлезен смело и резултатно во процесот на едно акцентирано себеутврдување како крајно сензибилна лирска индивидуалност", а така е зашто Шопов „спаѓа кон лозата ретки автори кои го наоѓаат својот пат во литературата уште во својот литературен почеток" и неговите песни се „песни на поет на кого моше да му се верува, бидејќи секогаш бил поет на кого секоја поза му е туѓа и секоја искреност блиска". (Ѓурчинов, 1973: 442–443).

Со изборот песни во оваа збирка Шопов ја гали и допира душата, ни ја пренесува својата интима на чувствата и мислата и каде тој „брзо го преминува прагот на интимната лирика, откривајќи го феноменот на убавото во нијансите: на телото, на природата, на јазикот и на духот. Ја открива тишината како единство на чувственото и естетското, на емотивното и сетилното. Тој ја крепи и опева својата меланхолија, дури и во мигови на врховно просветлување и радост."[10]

Во циклусот „Убавината", има песни кои се посветени на убавината каде посебно во истоимената песна (посветена на Лазар Личеновски), Шопов инспириран од дело на Личеновски ни ја прикажува убавината преку неговите очи, која силно го прогонува „како жена блудна, ненаситна, похотна, осамена" и која не го остава на мира, го „грабнува во прегратка пламена неизбежно и со сила судна". Таа прекрасна убавина го фрла „во чудна игра, в чудно компонирање", и иако изгаснува самиот во грч и умирање, сепак се враќа во животот како песна. Но, тој е ненаситен, повторно сака да ја гледа и доживува и ја моли пак, „прострелај ме со своите лачи". Најважно од сѐ е убавината да го прострела пак и покрај сѐ, само нејзиниот блесок да вивне. Силно доживувајќи ја првата песна, веќе во втората, „Во тишината", иако е толку мала, сепак толку силно допира до нас и нѐ тера подлабоко да размислиме и да сфатиме дека кажаното има толку длабока вистина. Овој „лирски медаљон" ја обележа и поттикна личната инспирираност да се запознае Шопов и да се разбере што сакал тој да сподели со нас во својата лирика, затоа што, иако тишината

[10] Ќулавкова, К., Предговор кон изборот песни „Раѓањето на зборот", 2008, стр 9.

очекувано е тишина, молк, ама понекогаш може толку силно да „викне" и да ги рабуди сите наши сетила и да ни помогне да го чуеме некажаното, недокажаното и да сфатиме што е она што се крие во тишината.

Понатаму во песната „Промената" сака промената секогаш во животот да доаѓа „од несекидневноста чиста и озарена", за потоа пак да се наврати и воодушевува и радува на убавината „тоа диво во крвта завивање", ама сепак таа е негово „светло разденување од таа разгаленост, од таа убавина". („Ах таа убавина") Ја чувствува и доживува убавината силно, експресионистички, интимно, ѝ се заветува и како мотив и понатаму ќе ја користи и во други негови песни, како што вели и Радомир Ивановиќ „во сѐ страстен и ангажиран, Шопов убавината ја чувствува нагонски" (Ивановиќ, 1979: 38). Во наредните песни споделува што чувствува кога му е најтешко („Кога ти е најтешко"), ја допира младоста („Младост"), го бара својот глас „во молкот див на морето" („Го барам својот глас"), го моли галебот да не слетува на неговите раце, срце, да се врати пак во своето јато, бидејќи тој е „лотка осудена на судир со непознатото". („Кон галебот што кружи над мојата глава"). Се нижат силните емоции и во наредниот циклус „Песни за пријателот" каде тој му се поклонува на пријателот и пријателството кои длабоко ги цени, се радува на радоста на пријателот, тагува кога е тажен пријателот, и кога мисли дека го губи, разделбата со него тешко му паѓа затоа што „разделбата ќе прилега на цврсто прегрнување на некој непознат далеку во иднината". („Разделба") Во циклусот „Минијатури" се навраќа на мотивите на ноќта, листот, штркот, облакот, верглата, езерото, улицата преку кои на метафоричен начин ќе ни долови што е она што длабоко во душата го загрижува, осаменоста, разделбата, но во песната „Утре" најсилно чувствува и кога сѐ минало и „ко молња денес згасна во темнината", тој се чувствува дека е „море каде пустош тлее" и „солза сум само во зеница истината". Можеби за болот друго срце ќе му треба, а тагата да стане „лач на месечината", може самиот нема да се пронајде, ама најубава е тишината и советува „Но, слеј се, слеј се со тишината". Толку силно и толку моќно кажано.

Во книгата „Слеј се со тишината" како да чувствуваме некоја осаменост, затвореност, но сепак не осаменост која води кон самоизолираност, туку дека „останувањето во тишина и разговорите во тишината и со тишината се само паузи во текот на едно бујно, на едно импулсивно, виталистички преокупирано трагање по животот и живеењето. Осаменост што е поскоро починка меѓу две патувања, меѓу два похода кон непознатото." (Ѓурчинов, 1973: 446)[11] Во нив сѐ уште сме длабоко во пределот на интимата, во субјективниот свет на поетот, но сето тоа се одвива на едно поинакво поетско и експресивно ниво од она

[11] Во Климан, А., Силјан, Р., Смилевски, В., Стојчевски, С. (1973): *Македонската книжевност во книжевната критика – избор и редакција Климан, А., Силјан, Р., Смилевски, В., Стојчевски, С.*, том трети. Скопје: Мисла

што го гледавме во „Стихови за маката и радоста". (Ѓурчинов, 2008: 86) И самиот Шопов за претходно споменатите поетски книги „Стихови за маката и радоста" и „Слеј се со тишината" ќе изјави *„По громките истрели и канонадите на топовите, по грмежот на тракторите и комбајните, збогатен со животно и поетско искуство јас почувствував дека настапува време на тишината, тишината која може самата и погласно да го рече она што го носел поетот недоречено, а што уште го притиска и пече. Така, времето на тишината беше и претставува за мене време на едно мое самоосознавање, но и време во кое созреваат моите подоцнежни преокупации на небиднината."*[12] Значи самиот Шопов во еден момент почувствувал потреба да се оттргне од онаа повоена мотивска преокупација кај поетите и да навлезе подлабоко во својата душа и да ја искаже и сподели со нас најдлабоката интима и сето она што во моментот го чувствувал и да ја дари најсуптилната лирика ослободувајќи се од душевните тешкотии и душевните немири.

**Заклучок**

Ацо Шопов, лиричар кој на еден длабоко лиричен и експресивен начин ни ја дари својата интима во неговите песни, сподели со нас едно поетско доживување за сето она што му ја бранува душата, она што му носи немир, трепет, болка, самообвинување, наспроти копнежот, љубовта, интимата. Тој остави длабока трага во македонската поезија воопшто, затоа што остана верен на она „да се остане секогаш свој, да се биде секогаш на изворот на себе, покрај сите ... стилски денешни луњи" (Старделов, 1973: 481)[13] Во неговите песни, посебно во втората фаза на интимната лирика го сподели личното доживување, која на моменти е меланхолично обоена, се чувствува сентименталност, разнеженост, на моменти е обоена со вознемиреност, трепет, неспокој, но силно допира до нас и нè тера да се потрудиме да го рабереме и длабоко да ја почувствуваме таа негова интима на душата. „Така, поезијата на Шопов се усидри во нашето рефлексивно естетичко и литературно-критичко искуство со еден негов ацошоповски интимно-исповеден коефициент" (Старделов, 1973: 457) и во сите негови дела останува верен на своето, на она што го мотивира, од каде црпи инспирација и го појаснува тоа *„Поетот, ако сака да остане поет, како Антеј мора да се навраќа на „езерото на животот", од него да се освежи, да смогне нови сили за своите идни поетски летови. Тој не смее да се откине навеки од својата родна почва ако сака поетски да го запознава и открива светот.*

[12] Разговорот со Ацо Шопов го водела Гордана Михајлова-Бошњакоска 1976 година. (достапно на https://www.acosopov.com)

[13] Во Климан, А., Силјан, Р., Смилевски, В., Стојчевски, С. (1973): *Македонската книжевност во книжевната критика – избор и редакција Климан, А., Силјан, Р., Смилевски, В., Стојчевски, С.*, том трети. Скопје: Мисла

*Моето идно „езеро на животот" верувам дека ќе биде Штип, градот на моето детство, моите први сознанија и допири со светот воопшто. Штип е, инаку, град познат по својата богата и драматична историја. Но над сѐ, тоа е град на моето прогледнување. Довидување на тоа Езеро!"*

**Користена литература:**


[1] Димитру, М. Ј. (2008): *Современа македонска поезија – македонски личности и теми*. Скопје: Матица македонска.
[2] Ивановиќ, Р. (1979): *Портрети на македонски писатели*. Скопје: Мисла.
[3] Климан, А., Силјан, Р., Смилевски, В., Стојчевски, С. (1973): *Македонската книжевност во книжевната критика – избор и редакција Климан, А., Силјан, Р., Смилевски, В., Стојчевски, С.*, том трети. Скопје: Мисла.
[4] Наневски, Д. (1977): *Македонска поетска школа*. Скопје: Мисла.
[5] Силјан, Р. (2008): *Македонската литературна критика – избор, предговор и редакција на Раде Силјан*. Битола: Микена.
[6] Шопов, А. (1976): *Одбрани дела,* книга прва. Скопје: Мисла.
[7] Шопов, А. (1976): *Одбрани дела*, книга втора. Скопје: Мисла.
[8] Шопов, А. (2008): *Раѓањето на зборот – избор и предговор Ќулавкова К.* Битола: Микена.

**Интернет-извори**
[1] https://www.acosopov.com
[2] https://nezavisen.mk/aco-shopov-nikoj-ne-se-chuvstvuva-kako-tugjinec-vo-negovata-lirika/?fbclid=IwAR0Rj2K34yBB2oKDaP89_Y3AKC-H099EzRhS7gC54YKnUGuRhxOmOyQceWM
[3] https://makedonskijazik.mk/2012/01/%D0%B0%D1%86%D0%BE-%D1%88%D0%BE%D0%BF%D0%BE%D0%B2.html


## INTIMATE LYRICISM OF ACO ŠOPOV


**Liljana Jovanovska**
Ss. Cyril and Methodius Primary School, Kocani



**Abstract**

"I have traveled a long time, traveled a whole eternity, from you to my unbeingness". (Šopov, 1976: 121) If we draw a parallel from this quote with the topic of this work, we will come to the conclusion that the intimate lyrics in Aco Šopov's poems are actually a path to a deep and intense emotional expression of one of the greatest lyricists in Macedonian poetry who expressively and metaphorically capturing his unbeingness, leaves a strong imprint on poetry in general. This way, the most hidden, the most lyrical vibrations in the poet's soul are transmitted to us, initiating a desire to experience that intimacy of feeling and thought, to discover something beyond, something that will give us spiritual food,

something that, when we understand, will help us make a reflection on ourselves and our spiritual ascension. The depth of Aco Šopov's strongest intimate lyrical trembles is actually a thread that leads to the entire emotional blaze of the poet who, in his journey towards unbeingness, will discover his aim: "I wanted to fight and I fought. I wanted to write and I wrote." (Aco Šopov). In this work, emphasis will be placed on some of the intimate lyrics from Shopov's poetry, more precisely on some of the poems from different collections of verses from different periods of his creation that captivate and shine with the poet's expression.

***Keywords:*** Aco Šopov, poetry, intimate lyrics, emotion.